Република Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# *Измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2013 година на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување*

Скопје, мај 2013 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 03. 06. 2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2314/1 | | |

Република Македонија

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

Бр.03-829/1
Скопје, 03.06.2013

**До**: Собрание на Република Македонија

**Предмет: Доставување на материјали за усвојување на седница на Собранието на Република Македонија**

Почитувани,

Во врска со член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување(„Службен весник на Република Македонија" бр.29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), во прилог ви ја доставуваме *Измената и дополнувањето на Годишниот финансиски план за 2013 година на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување* на усвојување од Собранието на Република Македонија.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,

д-р Булент Дервиши

**Измена и дополнување на**
**Годишен финансиски план за 2013 година**
**на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

Во Годишниот финансиски план за 2013 година на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се менуваат следниве ставки:

| **Ставка** | **Со Финансиски план за 2013 година** | **Со Измена на Финансиски план за 2013 година** |
|---|---|---|
| | **Претходни години** | |
| **Резервен фонд за 2012** | **4.260.962 денари** | **5.191.110,00 денари** |
| | | |
| **I. Расходи кои ќе се покријат од тековни приходи за 2013 година** | | |
| **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **1.843.200,00 денари** | **2.811.242,00 денари** |
| Комуналии | 624.000 денари | 1.479.242 денари |
| Телефон | 247.200 денари | 360.000 денари |
| **Одржување** | **460.000,00 денари** | **506.750,00 денари** |
| Одржување на простории | 360.000,00 денари | 406.750,00 денари |
| **Договорни услуги** | **1.683.333,00 денари** | **2.230.000,00 денари** |
| Изнајмена интернет линија | 250.000,00 денари | 267.000,00 денари |
| Услуги на надворешен терминал за следење на странски инвестиции | - | 513.000 денари |
| Надомест за надворешни членови на Советот | 533.333,00 денари | 550.000,00 денари |
| **Промотивни активности** | - | **600.000,00 денари** |
| **Опрема** | **380.000,00 денари** | **1.080.000,00 денари** |
| Компјутерска опрема | 150.000,00 денари | 850.000,00 денари |
| **Реконструкција на деловен простор** | **700.000,00 денари** | **800.000,00 денари** |
| Фасада и Кров (Надворешна и внатрешна реконструкција) | 600.000,00 денари | 700.000,00денари |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | **32.886.033,00 денари** | **35.847.492,00 денари** |

II. **Расходи кои ќе се покријат од резервен фонд**

| | | |
|---|---|---|
| **Воспоставување на ИСМС** | **3.167.500,00 денари** | **2.377.500,00 денари** |
| Услуги за секундарна локација | 1.700.000,00 денари | 850.000,00 денари |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ОД РЕЗЕРВЕН ФОНД** | **3.167.500,00 денари** | **2.377.500,00 денари** |
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ за 2013 година (I+II):** | **36.053.533,00денари** | **38.224.992,00денари** |

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ**

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно планирани тековни приходи** | **36.370.000,00 денари** | **36.370.000,00денари** |
| **Вкупно планирани тековни расходи** | **32.886.033,00 денари** | **35.847.492денари** |
| **Очекуван остаток од тековна година (пред оданочување)** | **3.483.967,00 денари** | **522.508,00 денари** |
| **Вкупно планирани расходи од резервен фонд** | **3.167.500,00 денари** | **2.377.500,00 денари** |
| **Очекуван резервен фонд на 31.12.2013 година (2011+2012+2013)** | **19.937.623,00 денари** | **18.696.312,00 денари** |

Образложение

Ставката *Планирани средства за резервен фонд пред оданочување* се менува поради фактот што Резервниот фонд за 2012 е веќе утврден со Годишната сметка на Агенцијата за 2012 година и истиот изнесува 5.191.110,00 денари.

Ставката **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** се менува поради фактот што Агенцијата се пресели во нови простории и започна со плаќање на комуналиите за овие простории во јануари 2013 година. Согласно утврдената потрошувачка во последните пет месеци по основ на електрична енергија, греење, вода и ѓубретарина се утврди потребата од зголемување на ставката *Комуналии*. Промената на износот се темели на реалната потрошувачка од почетокот на годината и за таа цел потребно е зголемување на оваа ставка од 624.000 денари на 1.479.242 денари. Потрошувачката за комуналии е зголемени поради фактот дека просториите на

Агенцијата се со поголем број квадрати во однос на претходните, што само по себе наметнува зголемена потрошувачка. Исто така, произлезе потребата од зголемување на ставката *Телефон* поради потребата од зголемување на лимитите за службени разговори реализирани од мобилната телефонија.

Ставката **Одржување** се менува во делот *Одржување на простории* поради реалната проценка на трошоците за одржување на сопствените простории на Агенцијата, во делот на чистењето и внатрешното одржување со поправки на деловниот простор. Така оваа ставка се зголемува од 460.000 денари на 506.750 денари.

Ставката **Договорни услуги** се менува во делот *Изнајмена интернет линија* поради утврдениот реален трошок за оваа набавка врз основа на спроведената јавна набавка (од планираните 250.000 денари на 267.000 денари). Исто така се воведува нова ставка *Услуги на надворешен терминал за следење на странски инвестиции* во износ од 513.000 денари, со која ќе се овозможи следењето на движењата на инвестициите на странските пазари на хартии од вредност, а во насока на подобрена супервизија на инвестирањата во странство на пензиските друштва. Последната промена во оваа ставка се однесува на *Надомест за надворешни членови на Советот на експерти,* а која се должи на утврдениот надоместок за членовите и пресметаниот персонален данок на доход (од 533.333 денари на 550.000 денари). Така вкупниот износ на ставката Договорни услуги од предвидените 1.683.333 денари се менува и гласи 2.230.000 денари.

Се воведува нова ставка **Промотивни активности** во износ од 600.000 денари. Имено, Агенцијата има законска обврска да ја јакне свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членување во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, вклучувајќи ги и целите, принципите и придобивките од учество во професионална пензиска шема, за правата на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско. Преку средства од Швајцарската амбасада, кон крајот на 2012 година и почетокот на 2013 година, Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата спроведе истражување за информираноста на членовите за реформираниот пензиски систем во Република Македонија. Истражувањето покажа ниско ниво на информираност кај јавноста, па оттаму потребата да се спроведат промотивни активности од страна на Агенцијата.

Ставката **Опрема** се зголемува во делот на набавка на компјутери и тоа со пренамена на средства од ставката *Услуги за секундарна локација*. Имајќи во предвид дека ставката Услуги за секундарна локација ќе се спроведе во втората половина на 2013 година, а со Финансискиот план се предвидени средства за целата година, половината од овие средствата се пренаменуваат за набавка на компјутерска опрема во насока на замена на застарената опрема на Агенцијата со нова. Сето ова ќе придонесе за забрзано усогласување на Агенцијата со Меѓународниот стандард за управување со безбедност на податоците (ИСМС), имајќи во предвид дека за неговото воведување постојат определени предуслови во смисла на опрема кои треба да се исполнат.

Ставката **Реконструкција на деловен простор** се менува со тоа што претходните делови *Фасада* и *Кров* се спојуваат во еден дел *Надворешна и внатрешна реконструкција*, а реконструкцијата се врши врз основа на препораките од Институтот за земјотресно инженерство и сеизмологија. Износот на оваа ставка е утврден врз основа на проект изработен за потребната реконструкција (од 700.000 денари се зголемува на 800.000 денари).

Согласно горенаведените измени се менува и износот на **Вкупно расходи од тековни приходи** од 32.886.033,00 денари на 35.847.492,00 денари.

Ставката **Воспоставување на ИСМС** се менува во делот Услуги за секундарна локација и тоа со намалување на износот од 1.700.000 денари на 850.000 денари. Имајќи во предвид дека набавката за Услуги за секундарна локација ќе се спроведе во втората половина на 2013 година, а со Финансискиот план се предвиден средства за

целата година, половината од овие средствата се пренаменуваат за набавка на компјутерска опрема во насока на замена на застарената опрема на Агенцијата со нова. Со тоа вкупниот износ на ставката Воспоставување на ИСМС се намалува од 3.167.500 денари на 2.377.500 денари.

Оттаму, се менува ставката **Вкупно расходи од резервен фонд** и истата изнесува 2.377.500 денари наместо 3.167.500 денари.

Согласно сите горенаведени измени се менува и износот за **Вкупно планирани расходи** од претходните 36.053.333 денари на 38.224.992 денари, како и износот на Вкупниот Финансиски резултат со тоа што износот на ставката **Очекуван резервен фонд на 31.12.2013 година** од 19.937.623 денари се менува на 18.696.312 денари.

Претседател на Советот на експерти

д-р Булент Дервиши